ДО
НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ ПРИ
БОГОСЛОВСКИОТ ФАКУЛТЕТ
"СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"
СКОПЈЕ

# РЕЦЕНЗИЈА

На Конкурсот за наставник во сите звања по предметите Патрологија и Христијанска Етика, што од страна на Наставно-научниот совет при овој Факултет го распиша и објави во *Утрински весник*, број 1946 од 3-4 декември 2005 година, се пријави само еден кандидат - д-р отец Стефан Санџакоски, вонреден професор на овој, шеф на катедрите по гореспоменатите предмети.

Кон пријавата, тој приложува и
- кратка биографија
- дипломи од Богословскиот факултет во Белград, магистратура и докторат
- како и список на објавени и необјавени стручни и научни трудови.

О. Стефан Санџакоски е роден на 03.09.1956 г. како четврт и најмлад син на родителите Владимир (свештеник) и Славка.

Во Струга завршил гимназија природно-математичка насока.

Потоа, со благослов на митрополитот Дебарско-Кичевски Ангеларij се запишал на Православниот богословски факултет во Белград. Студиите ги завршил на 18.02.1983 г. со општа оценка 8,94.

Во текот на студирањето добил две вредни признанија:

1. наградата др - Радивој Јосиќ, о областа на апологетските науки, и
2. наградата за најдобар дипломиран студент на Богословскиот факултет во Белград.

Со препорака на Професорскиот колегиум при Богословскиот факултет во Белград остварил шестмесечен студиски престој на Света Гора, каде што го изучувал јазикот на византиските отци на Црквата, како и милениумската светогорска монашка практика.

Од 1985 г. до 1988 бил на последипломски студии на Православниот богословски институт "Св. Сергеј Радоњежки" во Париз. На 19 октомври 1985 г. запишал докторат од областа на патролошко-аскетските науки. Предмет на неговите истражувања биле "Apoftegmata patrum", кодекс на монашки изреки од Египет од IV - V век. Ментор му бил познатиот професор г. Оливие Клеман.

Во 1990 г. САС на МПЦ го избра за наставник на катедрите по Патрологија и Акетска теологија со Христијанска етика. Од 1993 година е избран и за хонорарен наставник на катедрата по Философија и Психологија.

Во 1994 г. е унапреден во звањето доцент.

На 9.02.1995 г. со успех го одбрани научниот магистерски труд "Пролегомена за истражувањето на православната византиско-словенска култура во Македонија".

На 9.10.1997 г. ја одбрани докторската дисертација под наслов "Апофатичката философија на Corpus Areopagitikum" и се здоби со научниот степен - Доктор на философски науки.

Отец Стефан Санџакоски е автор на повеќе од сто стручни и научни трудови објавени во домашни и странски списанија, како и на книгите: *Богомислие*, Метафорум, Скопје 1993; *Беседи од Калишта,* Рубњов 2000, Струга; *Икони на ноуменот,* Рубњов, Струга 2001; *Покрови на преданието*, Три, Скопје 2001; *Апофатичка философија,* Три, Скопје 2003; *Историјата како иконостас*, Икона, Скопје 2004.

Од овие трудови, како и од целокупната дејност, лесно може да се заклучи дека о. Стефан Санџакоски е извонреден и исклучителен мислител, богомислител, философ кој мошне успешно се фаќа во костец со најсуптилни прашања од областа на теологијата, патрологијата, етиката, аскетиката, како и со проблеми од областа на историјата, културата и духовноста на македоснките простори во минатото и денес. При тоа прави емендации на бројни проблеми и прашања на кои во минатото, а и денес, им се приоѓало еднострано или погрешно, поради идеолошкиот пристап кон овие прашање, на кои не е можно да се даде правилен одговор без правилно разбирање на христијанството кое е присутно на овие простори веќе 2000 години.

О. Стефан Санџакоски се покажува и како извонреден раководител на студиите по предметите што ги предава. Тоа се забележува особено од дипломските трудови што студентите ги работат под негово менторство. Неговата теологија-философија не е спекулативна, схоластичка, тику жива и животна телологија што тој се труди да ја пренес преку неговата мошне активна пастирско-мисионерска дејност во Црквата и во сите сфери на општеството, особено меѓу интелектуалните кругови.

Затоа можеме слободно да кажеме дека сме почестени што можеме му предложиме на Наставно-научниот совет при овој Фаултет, вонредниот професор д-р отец Стефан Санџакоски да биде унапреден во звањето **РЕДОВЕН ПРОФЕСОР** на катедрите по предметите Патрологија и Христијанска етика.

Членови на комисијата:

1. проф. д-р Јован Таковски - претседател

2. проф. д-р Јован Белчовски

3. проф. д-р Ѓорѓи Поп-Атанасов

УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

СКОПЈЕ

**04**

**1992-2007**

Скопје, јуни 2013